Уп. Бр.08-61/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Ламиум Трејд Лимитед, со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101, Лимасол, Република Кипар, Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Виеднер Хауптштрасе 76/2/1, А-1040 Виена, Република Австрија, преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 10.05.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнувањето на заедничка контрола од страна на друштвата Ламиум Трејд Лимитед, со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101, Лимасол, Република Кипар, Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Виеднер Хауптштрасе 76/2/1, А-1040 Виена, Република Австрија, над друштвото ВЕ Ракова Бара д.о.о. Жагубица, со регистрирано седиште на адреса Југ Богдан 2, Жагубица, Србија, преку стекнување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 03.04.2023 година, а дополнето на 13.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од

друштвата Ламиум Трејд Лимитед, со регистрирано седиште на адреса Грива Дигени 115, Тридент Центар, 3101, Лимасол, Република Кипар, Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о, со регистрирано седиште на адреса Веровшкова улица 55А, 1000 Љубљана, Република Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса Виеднер Хауптштрасе 76/2/1, А-1040 Виена, Република Австрија, со која друштвата Ламиум Трејд Лимитед, Кипар, Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о, Словенија и ИВИКОМ Холдинг ГмбХ, Австрија ќе стекнат заедничка контрола над друштвото ВЕ Ракова Бара д.о.о. Жагубица, со регистрирано седиште на адреса Југ Богдан 2, Жагубица, Србија, преку стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Друштвото Ламиум Трејд** е друштво во состав на МК Групата, која е под конечна контрола на г. Миодраг Костиќ („МК Група“). Во состав на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани друштва кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 6.000 луѓе.

Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка, и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. Покрај ова, МК Групата врши трговија и со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија.

МК Групата остварува приходи во Северна Македонија преку продажба (извоз) на земјоделските производи (пченица, замрзната храна, трајна конзервирана храна, готови јадења, свежо месо).

Друштвото **Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о** е словенечко друштво основано во 2020 година од страна на друштвата Пурпура д.о.о. (Purpura d.o.o.) и Роблек д.о.о. (Roblek d.o.o.), словенечки друштва во сопственост на г. Матјаж Филипиќ (50%) и г. Бојан Куновар (50%). Портфолио друштвата во кои г. Филипиќ и г. Куновар се единсвени или вистински сопственици (директно или индиректно) се наведни како „Алфи Група“. Основната регистрирана дејност на Х-Планет Х-Планет, развој и инженеринг на проекти, д.о.о е инженерски деловни активности и техничко советување.

Алфи Групата е првенствено активна во управување со инвестиции и недвижности, особено во областа на малопродажбата, наплата на долгови и други алтернативни

инвестиции.

Алфи Групата, гледано во најширока смисла, е присутна и остварува приходи во Северна Македонија.

Во својот поширок состав, Алфи Групата ги има следните зависни друштва регистрирани во Северна Македонија:

- ПРО КОЛЕКТ ДООЕЛ Скопје, со регистирирано седиште на адреса Христо Татарчев 121-Г, Кисела Вода, Скопје, друштво специјализирано за вонсудска наплата на побарувања. Основната дејност на ПРО КОЛЕКТ ДОО Скопје е наплата и откуп на побарувања. Овие активности се засноваат на контрола на должникот и преземање на деловни работења кои се соодветни во поглед на нивната постоечка имотна состојба и платежни способности;
- Аполло МК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на адреса бул. Киро Глигоров бр. 13, Гази Баба, Скопје, активно во трговијата на големо со играчки, квалитетна детска опрема, детски галантерии и детски текстилни производи.

**ИВИКОМ Холдинг ГмбХ** е холдинг груштво на Ивиком Групата која претежно се занимава со советување, изградба и управување со ветерни електрани („Ивиком Група“). ИВИКОМ Холдинг ГмбХ е создадено во 2021 година, по одвојувањето (англ. *spin-off*) од друштвото Ивиком Консалтинг (Ivicom Consulting ) кое е исновано во Република Австрија во 1991 година.

Освен со наведените активности, ИВИКОМ Холдинг ГмбХ се занимава и со истражување на ветерен потенцијал и развој на проекти за ветерни електрани.

Ивиком Групата не е присутна и не остварува прходи во Северна Македонија.

Друштвото **ВЕ Ракова Бара д.о.о. Жагубица** е основано во мај 2021 година во Србија со цел развој и изградба на ветерен парк „ВЕ Ракова Бара“ во општина Кучево (Србија), со предбиден инсталиран капацитет од 140 MW. ВЕ Ракова Бара д.о.о. Жагубица поседува одредени недвижности, дозволи и права за изградба на наведениот ветерен парк.

ВЕ Ракова Бара д.о.о. Жагубица не е активно, нема регистрирани зависни друштва и не остварува приходи во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**